Ристо КАРТАЛОВ

# ВЛИЈАНИЕТО НА МИГРАЦИИТЕ ВРЗ ПРОМЕНИТЕ ВО АГРАРНАТА СТРУКТУРА НА СР МАКЕДОНИЈА

Миграциите на населението во современите услови се обусловени од интензивниот стопански развој, односно од изменетото место и улога на одделни стопански гранки во процесот на индустријализацијата.

Основни теоретски објаснувања за севкупната подвижност и редистрибуција на населението и работната сила среќаваме во Марксовиот закон за пропорционалната распределба на вкупниот општествен труд. Според Маркса, вкупниот фонд на општествениот труд треба да биде пропорционално распределен според постојните општествени потреби, односно според потребите во одделни стопански гранки. Во глобалното општество или на макро план оваа пропорционална распределба на општествениот труд, поради поврзаноста на производството и потрошувачката, се изразува како делување на законот на вредндоста. Во општеството се одвива непрестана промена во продуктивноста на трудот во одделни гранки и дејности, промена во потребите на населението за разни стоки и услуги, се менува и потребното време за производството на одделни стоки како и вкупниот фонд на општествениот труд за нивното производство. На тој начин доаѓа до процеси на редистрибуирање на населението и работната сила помеѓу одделни сектори во економската структура. Најочигледно и највпечатливо овие промени во процесот на интензивните општествени трансформации, се одвиваат во распределбата на вкупниот општествен труд помеѓу аграрниот сектор и останатите неземјоделски дејности, а пред сè индустријата.[1]

[1] Маркс пишува: „Исто така секое дете знае дека масата на производи, која одговара на разни потреби, бара различен и квантитативно определен вкупен општествен труд, дека одделен облик на општественото производство во никој случај не ја укинува оваа потреба за поделба на општествениот труд во определен размер, туку може да го измени начинот на пројаввање — очигледно е само по себе», К. Маркс: Писма Кугелману ((1862—1874) стр. 74, Култура, Београд, 1951.

Наголемувањето на производството во индустријата го наметнува зголемувањето на бројот на индустриските работници, а воведувањето на нови средства за производство во земјоделството предизвикува намалување на бројот на земјоделците. Поради тоа, Ленин слично како и Маркс, укажува дека доаѓа до прелевање на работната сила од земјоделскиот во индустрискиот и останатите сектори.[2]

Подоцна овие поставки и емипириски ќе се потврдат. Во западните индустриски развиени земји се афирмира така наречената теоријата на три сектора: примарен, секундарен и терцијарен, со нивна различна улога во одделни етапи на стопанскиот развој. Примарниот сектор го опфаќа земјоделството, шумарството и рибарството (понекогаш и рударството) секундарниот индустријата, а терцијарниот транспортот и услугте.[3]

Миграциите на населението се појавуваат како специфичен општествен процес со кој се овозможува редистрибуцијата на вкупниот општествен труд. Во тој поглед тие имаат големо значење за промените во земјоделството. Заминувањето на еден значаен дел земјоделско население овозможува намалување на аграрната населеност и можност за воведување на современи средства за производство во земјоделството.[4] Зголемувањето пак на неземјоделското население ја наголемува побарувачката на земјоделски производи, што од своја страна отвора перспективи за наголемувањето на пазарноста на производството. Со миграциите еден значителен контигент довчерашни производители на храна и нивните издржувани членови се појавуваат во улога на нејзини побарувачи на пазарот, а оние што остануваат на земјоделските стопанства, треба да произведат поголеми количества за да ја задоволат нараснатат побарувачка, што мо-

---

[2] „Развитокот на стоковното производство според тоа претсавува, ео ипсо- одделување на сè поголем и поголем дел на население од земјоделството, т.е. пораст на индустриското население за сметка на земјоделското . . . [6]» В. И. Ленин: Развитокот на капитализмот во Русија» Одбрани дела, книга II, стр. 42, Културра, Скопје, 1967.

[3] Поделбата на економијата на три сектора, со некои разлики ја извршија: A. B. Fischer: „The clash of Progres and Security London 1935, C. clark: The conditions of Economic Progress, London, 1940, J. Fouurastiè Le grand èspoir du XX-e sièclè, Paris, Gallimard 1963. Овој последниот, од промените во структурата на производството и потршувачката, извлекол поставка за така нареченото „преодно општество» кое минува од примарните преку секундарните во терцијарни дејности, односно т.н. терцијарна цивилизација.

[4] За феноменот на миграциите Ленин пишува: „Преселувањето значи создавање на подвижност на населението. Преселувањата се еден од најважните фактори кои го оневозможуваат селанецот да зарасне со маховина, којашто и премногу се има натрупано на нив низ историјата. Додека не се создаде подвижно население, не може да постои никаков развиток а би било и наивно да се мисли дека некакво селско училиште може да им даде на луѓето она што им го дава самостојното апознавање на разни уредувања на југ и на север, во земјоделството и во индустријата во престолнината како и зафрлените места», В. И. Ленин: Развитокот на капитализмот во Русија, Одбрани дела, книга II стр. 277—278, „Култра», Скопје, 1967 год.

жат единствено да го постигнат со воведувањето на нови технолошки решенија, нови земјоделски машини и орудија, со еден збор, со наголемување на продуктивноста на трудот.

Онаа што е посебно интересно во појавата на миграциите, е фактот, дека во вителот на овие движења се наоѓа младината на индивидуалните стопанства. Таа го сочинува најголемиот дел на мигранти, што предизвикува и одредени негативни импликации во однос на социјалната репродукција и старосно-сполната структура на населението на индивидуалните стопанства.

Заминувањето на населението од селото и земјоделството во неземјоделските дејности и еден од најзначајните и најсложените општествени феномени во процесот на трансформирањето на општествено-економската структура. Тие овозможуваат појава на најразлични форми раслојување во структурата на индивидуалните стопанства и нивно вклучување во општествената поделба на трудот и поопштествување во земјоделството.

## 1. Фактори кои ги определуваат миграциите и подвижноста на земјоделското население

Постојат повеќе поделби на факторите кои ги определуваат миграциите на селското и земјоделското население. Нивната најчеста поделба е на економски фактори, на кои им се придава големо значење и на социјално-психолошки фактори, кои се извлекуваат од економските и со кои главно се утврдуваа задоволството или незадоволството на селското и земјоделското население од неговата општествена положба и средина.[5]

Исто така многу е раширена поделбата на репулзивни фактори, кои населението го „бркаат“ од селото и земјоделството, и на атрактивни фактори, кои населението го привлекуваат во градот и неземјоделските дејности или така наречен push-pull — концепт. Иако на овој концепт на класифицирање на факторите на миграциите можат да му се упатат некои забелешки[6]

---

[5] C. E. Bishop во својот труд: La mobilitè geographique et proffessionnelle dela main — d'oluvre, p. 39, OCDE, Paris, дава една подетална класификација на факторите на мобилноста и тоа: технички, економски, психолошки, социолошки и ин ституционални.

[6] Првата забелешка на концептот — push-pul, се состои во тоа што со него не можат да се објаснат некои состојби од првобитната капиталистичка акумулација кога селаните беа истерани од земјата а со ништо никаде не беа привлечени. Исто така во поново време во некои неразвиени земји селското население се концентрира во гадовите кадешто останува да живее невработено и во сиромаштво — што значи не е привлечено од атрактивните сили на градот. И на крајот, на тој концепт би можело да му се забеелжи дека сè не може да се поведе на фактори кои одбиваат и кои привлекуваат, зашто во реалниот живот постојат и фактори кои го оневозможуваат заминувањето (репулсијата) а тоа се во прв ред: староста, школската подготовка и квалификациите, трошоците на трнспорт — селидби итн.

ние во ова кратко поглавје ќе се ограничиме на него, бидејќи во својата едноставност тој се сведува на класификација на факторите на емиграцијата и факторите на имиграцијата.

Во репулсивните фактори, кои се во основа факторите на емиграционите подрачја и дејноста — селото и земјоделството — се вбројуват: не сигурноста во производството и пласманот на производството, тешките услови, ниската продуктивност на земјоделскиот труд, големото учество на земјоделското население и аграрната невработеност, високиот природен прираст на населението, слабата дисперзираност и развиеност на секундарниот со терцијарниот сектор, големата уситнетост на земјишниот посед кој не овозможува вработување и современ начин на производство, низа фактори од социјална и психолошка природа итн.

Во оваа група често се вбројуваат факторите што се поврзани со самата селска населба, која овозможува општа рамка за живеење. То се: ниската инфраструктурна развиеност и урбанизираност (електрично осветление, пат, водовод, итн.), отсуството на општествените институции како што се: училиштето, здравствениот дом, културниот дом, продавниците, организацијата за откуп на производите, итн.

Атрактивните фактори се фактори на имиграцијта односно градот и неземјоделските дејности. Во оваа група се вбројуваат: повисокиот и постојаниот доход, поволните услови за работа, поволната социјална и политичка положба, можноста за школување на децата, можноста за користење на општествените институции и општествениот стандард, итн.

Групирањето на факторите на миграциите и деаграризацијата има само научно-аналитичка оправданост бидејќи тие меѓусебно се испреплетуваат и надополнуваат, и во основа претставуваат две страни на еден ист процес.

Пред да навратиме на некои од претходно смпоменатите фактори на миграционите движења во наши услови, треба да се нагласи дека во изминатиот период особено беше нагласено влијанието на репулсивните фактори.

Во повоениот развиток во Македонија се извршени крупни промени во социјалната структура на населението. Деаграризацијата и урбанизацијата беа два најзначајни процеса во тој поглед. Земјоделското население, кое апсолутно се наголемува сè до 1953 година, релативно бележи опаѓање во целиот повоен период. Од 68,2% во 1948 година тоа е редуцирано на 39,9% во 1971 година, што е, пред сè, постигнато со миграционите движења. Паралелно со деаграризацијата на населението се одвива и процесот на намалување на селското население (наголемување на градското или урбанизација на населението), иако со нешто поумерена динамика. Од 73,3% во 1948 година, учеството на селското население е намалено на 51,3% во 1971 година. Иако изложените показатели укажуваат на една извонредна дина-

мика со која се одвиваат овие процеси, тие воедндо како да навестуваат дека проблемот на редистрибуција — миграциите на населението од аграрниот сектор — ќе биде актуелен и во наредниот период.

Бројот на членовите во едно селско домаќинство значително е намален. Од 6,1 член во 1948 година е намален на 5,4 член во 1971 година. Сепак, просечната големина на селското домаќинство, според бројот на членовите, во Македонија е сè уште голем и ќе биде еден од основните фактори на миграциските движења.

Природниот прираст на населението, во однос на претходната состојба, значително е намален. Во 1976 година изнесуваше 15,4 промила што е еден од највисоките во земјата (просек за СФРЈ 9,6 промила).

Неписменоста на населението на индиректен начин придонесува за покачување на миграциските движења. Учеството на неписменото население постаро 10 и повеќе години во 1971 година изнесуваше 18,1%, а за населението од селските населби во СР Македонија изнесуваше 24,2% што е необично многу. Особено е неповолно учеството на категоријата неписмени лица со старост од 10—19 години. Оваа категорија учествува со 4,5% во вкупниот број а неписмени што укажува дека и во помладата генерација продолжува репродуцирањето на неписмените.

Неповолната поседовна структура на индивидуалниот посед е значаен фактор за просторната подвижност и миграционите движења на земјоделското население. Индивидуалниот посед во Македонија е најраспарчен и најуситнет во земјата. Во 1969 година на стопанствата со земјишен посед до 05 ха, беше групиран 24,1% од бројот на стопанствата со 2,9% вкупен земјишен фонд, на кои живееше 20,8% од населението на индивидуалните стопанства. Голем број од жителите на овие стопанства, од економска потреба, веќе имаа мигрирано на овој или оној начин надвор од земјоделството.

Непостоењето на елементарен општествен стандард во голем број селски населби исто така придонесуваше за интензивниот процес на миграционите движења. Овде во прв ред мислиме на непостоење на основни училишта, основни елементи на урбанизацијата, услови за инфра-структурна и сообраќајна поврзаност итн. Во СР Македонија во 1971 година 481 селска населба или 27,4% од вкупниот број (во 1971 година постоеја 1.751 селска населба, од кои 1696 населби се населени а 54 целосно иселени) беа без основно четиригодишно училиште, додека 972 селски населби или 55,5% имаа само четири годишно основно училиште. Во исто време околу 705 селски населби или 40,2% се со надморска височина над 800 метри, во кои се отежнати условите за инфраструктурно и сообраќајно поврзување со градот и општинските центри.

Исто така и просторната концентрација на општественото стопанство и капиталните вложувања во неколку индустриски центри (Скопје, Т. Велес, Штип, Куманово, Тетово и Битола), во содејство со претходно споменатите фактори на емиграцијата, влијаеја врз просторната подвижност на населението.

Миграциите на населението и работната сила се без сомнение законит процес и придружник на секој забрзан стопански и индустриски развој. И покрај нивната закономерност, во одделни фази од развојот, со одделни мерки на економската и вкупната општествена политика, нивниот интензитет може да се контролира и подредува на потребите на вкупниот стопански развој.

## 2. Обем на вкупната подвижност на населението во СР Македонија

Во вкупниот обем на просторната подвижност учествува целокупното население, без оглед на дејноста во која работи, иако во иницијалната фаза на стопанскиот развој најголемиот дел на подвижното население го сочинува земјоделското население. Во таа прва фаза на просторната подвижност на населението, мигрира главно селското и земјоделското население од неразвиените аграрни подрачја (села и помали градови) кон индустриските центри и поголемите градови.

Вкупната просторна подвижност во нашата земја, а според тоа и во СР Македонија, може да се следи глобално врз основа на податоците од пописите на населението. Врз основа на попишаниот и проектираниот број на население врз база на природниот прираст, т.е. врз основа на бројот на население кој би бил попишан, кога не би постоеле механичките движења на населението (отселување и доселување). Така се доаѓа до вкупната нето-миграција на населението на одредена територија, односно република.[7]

Табела 1. Биланс на вкупната просторна подвижност на населението

| Подрачје | Број на население во година на пописот | | Природен прираст во пери. 1953/71 | Број мигранти, миграционен (+ —) | Индекс на миграциите природ. при =100 |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1953 | 1971 | | | |
| Македонија | 1.304.514 | 1.647.308 | 524.078 | — 181.274 | — 34 |
| Градови | 408.229 | 803.079 | 199.788 | + 195.062 | + 98 |
| Села | 896.285 | 844.229 | 324.280 | — 376.336 | — 116 |

Извор: Статистички преглед 65, Демографски податоци за село-град во СР Македонија, Скопје, 1976 година.

[7] Д-р Петар Марковић: Мигације и промеге аграрче структуре, стр. 21, Центар за социологију села града и простора, Загреб, 1974 год.

Врз основа на прикажаната проекција, во претходната табела, може да се следи вкупната просторна подвижност на населението во Македонија, како и неговата застапеност според местото на живеење (село-град).

На почетокот треба да се нагласи дека карактеристично голем број на население учествувало во екстерните миграции. Имено, надвор од границите на Македонија во временскиот период од 1953 до 1971 година, се иселиле 181.274 лица. Најголемиот број на овие екстерни мигранти, кои чинат 34% од природниот прираст на населението, го сочинуваа лица од турската народност кои се иселуваа во Турција. Другиот дел на овие екстерни мигранти го сочинуваа лица кои се отселиле во другите републики во земјата или во прекуокеанските земји, односно надвор од границите на земјата.[8]

Градското население во Републиката е наголемено за 100% во временскиот период 1953 до 1971 година. Задржан е целокупниот природен прираст, со тоа што во нив се вселил контингент рамен на природниот прираст на населението од градовите.

Селското население во исто време значително е намалено. Во временскиот период од 1953 до 1971 година селото го напуштило целокупниот природен прираст на населението и околу 16% од постојното селско население.

Табела 2. Однос на природниот прираст и бројот на мигрантите по одделни временски периоди

| Подрачје | 1953—1961 | | | 1961—1971 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | број на мигранти | Вкупен прилог прираст | индекс на мигранти пр.=100 | број на мигранти | вкупен природ. прираст | индекс на мигранти пр=100 |
| Македонија | —145.230 | 24,.719 | — 59 | — 36.044 | 277.349 | — 13 |
| Градови | + 55.236 | 79.468 | + 70 | +139.826 | 120.320 | +116 |
| Села | —200.466 | 167.251 | —199 | —175.870 | 157.029 | —112 |

Извор: Статистички преглед 65, Демографски податоци за село-град во СР Македонија, РЗС, Скопје, 1976 година.

Карактеристично е што екстерната миграција на населението од Републиката се одвиваше во временскиот период од 1953 до 1961 година. Во тој период градовите во Македонија, се наголемуваа со послаб интензитет, за разлика на миграциите од селските населби. Селата во тој прв период го загубија цело-

[8] Македонија има највисоко ниво на екстерните миграции. Во периодот од 1948 до 1971 година екстерните миграции за земјата во целина изнесуваат 16,9% од природниот прираст, а за СРМ 26,6%.

купниот природен прираст и околу 19% од постојното селско население. Меѓутоа, во периодот од 1961 до 1971 година, позначително се наголемуваат градовите.

Овие тенденции го потврдуваат сознанието дека миграционите движења не се одвиваат праволиниски, туку во еден постепен и сложен процес на општествено-економски односи и трансформации. Во голем број случаи, мигрантите најпрво се населуваат во непосредната близина на градовите и индустриските центри, а доцна, во една постапност, тие дефинитивно преминуваат во град.

Табела 3. Однос на автохтоното и доселеното население според пописот на населението од 1971 година

| Подрачје | Население | | | Вкупно населен. = 100 | |
|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | живее во местото на раѓање | доселено од друго место | живее во местото на раѓање | доселено од друго место |
| Македонија | 1.647.308 | 1027084 | 620.224 | 62,3 | 37,7 |
| Градови | 803.079 | 393220 | 409.859 | 49,0 | 51,0 |
| Села | 844.229 | 633864 | 210.365 | 75,1 | 24,9 |
| Словенија | 1.697.000 | 916000 | 782.000 | 54,0 | 46,0 |
| Косово | 1.242.000 | 851000 | 390.000 | 68,6 | 31,4 |
| СФРЈ | 20.355.000 | 12178000 | 8,257.000 | 59,4 | 40,6 |

Извор: Статистички преглед 65, Демографски податоци за село-град во СРМ, и д-р Петар Марковиќ: Миграције и промене аграрне структуре, стр. 20—24, Загреб, 1974.

Вкупната подвижност на населението најдобро се следи преку анализата на односот помеѓу автохтоното (она население што од раѓање живее во своето место) и досегеното население. Во поразвиените подрачја поголем дел на населението учествува во миграционите движења. За разлика од нив во недоволно развиените подрачја, значително повеќе е застапено автохтоното население.[9] Податоците укажвуаат дека преселничките движења се во тесна поврзаност со нивото на стопанската развие-

[9] Во просек за Републиката, односот на автохтоното и доселеното население во 1971 година изнесуваше 62,3 : 37,7%, во полза на автохтоното население. Меѓутоа, постојат значителни разлики од една до друга комуна. Општини со изразито висок степен на автохтоното население се: Берово 72,0% ,Валандово 66,0%, Дебар 73,3%, Крушево 77,3% и др. Од друга страна општини со ниско ниво на автохтоното население се: Битола 47,0%, Охрид 46,8%, Скопје 44,9%, Делчево 42,2%, Неготино 44,3%, Пробиштип 38,4%, итн.

ност. Доселеното население во однос на вкупното, за земјата изнесува 40,6% во Словенија 46,0%, а на Косово 31,4%.

Исто така и градовите во Републиката имаат високо учество на доселено население. Повеќе од половината на населението во македонските градови е доселено. Од друга страна, доселеното население во селата изнесува околу една четвртина.

Табела 4. Просторна подвижност на населението според одделни временски периоди, состојба во 1971 година

| Подрачје | Население што мигрирало | | | | Вкупно мигран. = 100 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | до 1945 | 1946—1960 | по 1945 | до 1945 | 1946—1960 | по 1960 |
| Македонија | 620224 | 99473 | 238751 | 271327 | 16,0 | 38,5 | 43,7 |
| Градови | 409859 | 44100 | 165945 | 192929 | 12,5 | 40,5 | 47,0 |
| Села | 210365 | 55373 | 72806 | 78398 | 28,2 | 34,6 | 37,2 |
| Словенија | 782000 | 167000 | 280000 | 335000 | 21,4 | 35,8 | 42,8 |
| Косово | 390000 | 73000 | 126000 | 191000 | 18,7 | 32,3 | 49,0 |
| СФРЈ | 8257000 | 1694000 | 2983000 | 3580000 | 20,5 | 36,1 | 43,4 |

Извор: Статистички преглед 65, Демографски податоци село-град во СРМ, 1976, Скопје и д-р Петар Марковић: Миграције и промене аграрне структуре, стр. 20—24, Загреб, 1974 год.

Просторната подвижност на населението беше различна во одделни временски периоди. Просечно за Македонија околу 84%, од оние што мигрирале, тоа го сториле по 1945 година, односно најголемо е нивното учество во последната деценија. Кај поразвиените републики тој процес се случувал нешто порано.

Табела. 5. Обем на миграциите според карактерот на населбата од каде се мигрира, состојба во 1971 година

| Подрачје | Број население што мигрирало | % на мигрантите според населните | | |
|---|---|---|---|---|
| | | селски населби | мешани населби | градски населби |
| Македонија | 620.224 | 74,3 | 4,1 | 17.6 |
| Градови | 409.859 | 66,3 | 4,9 | 23,7 |
| Села | 210.365 | 89,8 | 2,4 | 5,7 |
| Словенија | 782.000 | 58,9 | 18,0 | 23,1 |
| Косово | 390.000 | 85,2 | 3,8 | 11,0 |
| СФРЈ | 8.257.000 | 68,6 | 8,4 | 23,0 |

Извор: Статистички преглед 65, Демографски податоци за село-град во СРМ РЗС, Скопје, 1976 год., и д-р Петар Марковић: Миграције и промене аграрне структуре, стр. 20 — 24, Загреб, 1974 год.

Според карактерот на населбата од која доселениците доаѓаа, може слободно да се каже дека преселничките движења кај нас имаат селски карактер. Имено, од вкупниот број мигранти во Републиката (620.224) 460.720 лица или 74,3% дошле од слески населби, а значително помалку (4,1%) од мешани, и 17,6% од градски населби. Истовремено, во градовите на СР Македонија околу 66% од доселениците се од село, а во селата близу 90%.

Постојат извесни разлики помеѓу одделни подрачја зависно од стопанската развиеност и населбите од кои тие мигрираат. Кај поразвиените републики и подрачја, иако и кај нив мгрантите од селско потекло се сè уште доминантни, многу позначително е учеството на мигрантите од градска и мешана населба.

### 3. Основни видови подвижност — миграции на земјоделското население

Во досегашните проучувања на миграциите извршени се најразлични класификации и поделби. Тие главно се вршени од профилот и интересот на истражувачите ,и од целта на самите проучувања. Во демографските проучувања постојат: дневни, неделни, месечни, сезонски и трајни миграции според времетраењето на миграциите. Според радиусот на подвижноста постојат: внатрешни и надворешни; меѓурегионални и меѓумесни; миграции од град во град, од село во село, од село во град, од град во село, од земјоделските во неземјоделските дејности итн.

Нас посебно нè интересираат миграциите на селското и земјоделското население, на кои накратко ќе се осврнеме.

Во просторната подвижност на земјоделското население познати се неколку покарактеристични вида на подвижност или миграции:

Прво, дефинитивно заменување на населението од земјоделското стопанство и селото. Таа е најмасовна форма и најкарактеристична подвижност.

Второ, вработување на дел од активните членови надвор од индивидуалното стопанство, но и нивно понатамошно остварување во селото и на стопанството. Ова е специфичен вид на професионална подвижност на земјоделското население и напуштање на земјоделството како стопанска гранка. Со своето професионално мигрирање оваа категорија „селани-работници" ја формираат категоријат мешани домаќинства.

Трето, миграции на населението во рамките на селото и земјоделството. Овие миграциони движења се одвиваат од екстензивните планински-земјоделски реони и села, во рамничарските села и поинтензивните земјоделски реони.

Четврто, сезонско-привремено вработување на дел од активната работна сила надвор од стопанството, без оглед на фактот дали тие се вработени во земјата или странство.

Збирот на сите видови миграциони движења ја сочинува вкупната подвижност на земјоделското население.

За структурните промени на село и земјоделството, значајни се сите видови на миграции. Меѓутоа, според обемот и содржината на промените што ги предизвикуваат врз аграрната структура, првите два вида миграциони движења на земјоделското население имаат најголемо значење.

## 3.1. Потполно заминување од селото и индивидуалното стопанство

Дефинитивното заминување на населението од индивидуалните стопанства е прв, а воедно и најмасовен вид на подвижност на земјоделското население. Овој вид подвижност, предизвикува најтемелни промени во аграрната структура, а воедно овозможува релативно најповолни услови за подоопштествување во земјоделството.

Заминувањето на населението и работната сила од индивидуалното стопанство и селото кај нас беше интензивно во сиот повоен период. Сепак, интензитетот на овој вид миграциони движења беше најнепосредно поврзан со интензитетот односно со темпото на индустријализацијата и стопанскиот развој. Во оние развојни етапи, кои се одликуваат со интензивен развој на секундарниот и терцијалниот сектор на стопанството, кога постоеше сеопшта потреба за работна сила за забрзаното темпо на индустријализацијата, масовноста и обемот на трансферот на земјоделското население од селото и индивидуалните стопанства беше особено голем.

Во структурата на мигрантите — оние што го напуштаа селото и земјоделството, беа застапени речиси сите категории земјоделско население. Но, по својата масовност и учество во овие преселнички движења, далеку најзастапено беше населението од планинските краишта и предимно младината од стопанствата.

Младината од индивидуалните стопанства, по завршувањето на разни училишта, занаети, а често и без нив, масовно го напушташе (и сè уште го напушта) поседот на своите родители. Таа, под влијание на повисоката доходност и општите привлечни услови за повисок општествен стандард, повисок степен на економска и социјална сигурност и општите животни и работни услови, — го напушта селото и земјоделството. Селската младина, врз основа на општествените односи и продуктивноста на трудот во ситносопственичкото земјоделство не гледа перспектива за една нова рамнотежа што би била при-

ближно еднаква на онаа која почива врз општествената сопственост на средствата за производство и врз самоуправувањето како општествен однос.

Некои понови истражувања на миграционите движења, вршени на подрачјето на СР Македонија, ги потврдуваат тие општи законитости на преселничките движења на земјоделското и селското население[10]. Односно во миграционите движења главно учествува земјоделското население од ридско-планинските краишта, со надморска височина над 800 метри, и од малите населби кои немаат елементарен општествен стандард. „Надморската височина сама по себе не претставува фактор што ги условува миграционите движења, таа само укажува на отежнатите услови за инфраструктурна поврзаност на овие подрачја со предимно мали и пасивни селски населби. Тие се подлежни на процесите на депопулација поради промените што се извршија во последните две-три децении во нивната традиционална стопанска структура. Гранките како што беа: козарството, дрварството, јагленарството, а понекаде и овчарството се сосема напуштени".[11]

Движењето на интензитетот на миграциите најдобро се следи кога се доведува во сооднос на природниот прираст на населението на индивидуалните стопанства. Оној момент кога бројот на лицата што мигрираат — мигрантите го надминува обемот на природниот прираст на населението на индивидуалните стопанства, се означува како квалитативна фаза во развојот на аграрната структура. Тогаш отпочнува урнувањето на натуралното производство и процесот на деаграризацијата. Спротивно на тоа, ако природниот прираст на населението е поголем од бројот на мигрантите, тоа значи дека доаѓа до покачување на аграрнат населеност, се зголемува аграрниот притисок на земјата, која што означува и опаѓање на продуктивноста на трудот во земјоделството.

За временскиот период од 1949 до 1970 година, од кога обемот на миграциите на индивидуалните стопанства може статистички да се следи — контингентот на населението што ги напуштило индивидуалните стопанства во Македонија, е поголем од природниот прираст за околу 15%. Во тој временски период стопанствата ги напушти сиот природен прираст (391.000)

---

[10] Овде, во прв ред, мислиме на истражувањата на д-р Елка Димитриева: Миграционите движења и проблемот на вработеноста и вработувањето во СР Македонија, Економски институт, Скопје, 1971 год.: Академик Кирил Миљовски: Преселничките движења на аграрното население во СР Македонија, Стопански преглед бр. 6/1973, Скопје; и д-р Никола Узунов: Емпириска анализа за влијанието на економските, социјалните и демографските фактори врз миграцијата од село во град во СР Македонија, Економски факултет, Скопје 1975 год.

[11] Академик Кирил Миљовски: Преселеничките движења на аграрното население во СР Македонија, Стопански преглед, 6/1973, год., стр. 7—8.

и уште околу 82.000 жители од постојното население на стопанствата, односно вкупно 473.000 лица.[12]

Табела 6. Обем на деаграризацијата на населението од индивидуалните стопанства, во периодот од 1949 до 1970 година

| Републики и покраини | 1949—1960 Број на мигранти | Вкупен природен прираст | Индекс на миграции пр.пр. = 100 | 1960—1970 Број на мигранти | Вкупен природен прираст | Индекс на мигр. природен = 100 | Индекс на миграц. 1949/70 г. прир. = 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Југославија | 2167 | 2052 | 107 | 2257 | 1703 | 132 | 114 |
| Босн. и Херц. | 411 | 620 | 66 | 432 | 571 | 76 | 73 |
| Црна Гора | 98 | 83 | 100 | 87 | 69 | 126 | 103 |
| Хрватска | 357 | 310 | 121 | 479 | 193 | 245 | 162 |
| Македонија | 160 | 1,5 | 97 | 313 | 226 | 138 | 115 |
| Словенија | 160 | 89 | 180 | 167 | 76 | 220 | 198 |
| Србија | 950 | 770 | 123 | 795 | 568 | 140 | 130 |
| Тесно подрач. | 662 | 530 | 124 | 481 | 256 | 188 | 137 |
| Војводина | 210 | 80 | 263 | 215 | 71 | 305 | 278 |
| Косово | 78 | 160 | 49 | 101 | 240 | 41 | 45 |

Извор: Д-р Петар Марковић: Миграције и промене аграрне структуре, стр. 39, Центар за социлоцију села, Загреб 1974 год.

По одделни временски периоди, различен е интензитетот на заминувањето на населението од индивидуалните стопанства. Во временскиот период од 1949 до 1970 година, во Македонија контингентот на мигрантите беше за околу 3% помал од контингентот на населението од природниот прираст на индивидуалните стопанства. Во периодот од 1960 до 1970 година, контингентот на мигрантите беше поголем за околу 38%, а во целиот анализиран период тој е поголем за 15%.

Заминувањето на населението од индивидуалните стопанства беше различно кај одделни подрачја во земјата. Во секој случај тоа е тесно поврзано со стопанската развиеност на подрачјето, односно републиката. Имено „степенот на економската развиеност го условуваше обемот на миграциите и природниот прираст на населението на индивидуалните стопанства“[13]. Еко-

[12] Пресметките за вкупниот број на мигрантите и природниот прираст на индивидуалните стопанска се изведени од проф. д.р П. Марковиќ: Миграције и промене аграрне структуре, стр. 39.

[13] Проф. д.р П. Марковић: Миграције и промне аграрне структуре, стр. 38.

номски понеразвиените подрачја имаат повисок природен прираст и домаќинства со поголем број на членови.

Во поразвиените подрачја на земјата миграциите од индивидуалните стопанства беа и поинтензивни и поголеми од природниот прираст на населението, во сиот период по ослободувањето што со недоволно развиените не беше случај.[14]

Графикон 1. Обем на природниот прираст и миграциите на населението на индивидуалните стопанства во СР Македонија




Извор: Др- П. Марковић: Миграције и промене аграрне структуре, стр. 44.

Карактеристични тенденции се забележуваат, кога истовремено се набљудува природниот прираст и обемот на мигра-

[14] Интересен е и овој упростен модел на трансфер на земјоделското во неземјоделско население. „Главни фактори, кои го определуваат распоредот на населението спрема големите сектори на активност (примарниот, секундарниот и терцијарниот), се: потрошувачката на производите (услугите) од одделен сектор по глава на населението и продуктивноста на трудот в тој сектор. Упростениот модел на премин на земјоделците во другите дејности би можел двака да се презентира: трансферот на земјоделското во неземјоделско население зависи од растежот на потрошувачката на земјоделски производи и од продуктивноста на трудот во земјоделството. Во стварноста, меѓутоа, ова е сè покомплиирано. „Друштвоне промене у селу», стр. 45—46, Центар за социологију села института за друштвена истраживања свеучилишта у Загребу, 1974.

ционите движења од индивидуалните стопанства. Во СР Македонија природниот прираст на индивидуалните стопанства покажува блага тенденција на намалување, а обемот на мигрантите, по интензивното нголемување во периодот од 1956 до 1959 година, натамошно стабилизирање на нивото и во временскиот период од 1960 до 1970 година.

До квалитативен свиок во аграрната структура доаѓа оној момент, кога линијата на природниот прираст се сече со линијата на миграциите. Тоа е фаза на масовно распаѓање на натурлноста и автархичноста на земјоделското производство и време на мсаовно вклучување на селанството во општествената поделба на трудот и продорот на стоковно-паричните односи во селото и земјоделството.

Во Македонија тој пресек на линијата на прирастот, со линијата на мигрантите, се случи уште во временскиот период од 1956 до 1960 година, и тоа не толку под влијание на интензивниот стопански развој (во споредба со другите републики и покраини), колку под влијание на обемните екстерни миграции (масовното заминување на населението од турската народност во Турција).

Со овој вид миграциони движења се вршат големи промени во аграрната структура. Отпочнува интензивен процес на социјално-економско диференцирање помеѓу индивидуалните стопанства.[15] Селото и земјоделството на тој начин престанува да постои како агломерација на хомогени социјално-економски и производно-демографски единици — стопанства. Тоа се состои од мноштво различни и хетерогени стопанства што ја чини сета сложеност на аграрната структура на индивидуалните стопанства.

Со оглед на фактот дека младината го чини најголемиот дел на овој вид мигранти од стопанствата, како резултат на нејзиното заминување се формираат неколку карактеристични групи стопанства според професионалната ориентација на младината. И тоа: а) Стопанства без младина — сета младина го напуштила стопанството на своите родители; б) Стопанства што ја школуваат младината и незадржуваат наследник; в) Стопанства што задржуваат наследник на стопанството. Овој облик на социјално и економско диференцирање на индивидуалните стопанства овозможува егзистенција на стопанства и селски домаќинства со различна социјална и општествена положба како и различни можности за социјална и економска репродукција.

[15] Покрај диференијациите кои се одвиваат кај индивидуалниет стопанства под влијание на демографските односио миграционите движења на населението, тие се јавуваат како последица и на продорот на стоковно-паричните односи и пазарната економика во аграрната структура.

### 3.2. Професионално напуштање на земјоделството

Постојаното вработување на дел од активната работна сила надвор од индивидуалното стопанство, но и нивно натамошно останување на стопанството, е втор по своето значење, но воедно многу специфичен вид на професионална подвижност на земјоделското население и напуштање на земјоделството како стопанска гранка.

Овие мигранти, кои во најголем број случаи постојано се вработени во општествениот сектор, остануваат економски поврзани со стопанството и земјоделството. Тие од стопанството одат на работа и назад се враќат секојдневно, неделно или месечно, па поради тоа се наречени дневни, неделни, месечни миграции. Овој вид миграции постепено води кон запуштање и напуштање на земјоделството.

Постојаното вработување на дел од работоспособните од индивидуалните стопанства, отпочна да се развива како специфична форма на подвижност, веднаш по ослободувањето, а во некои подрачја особено беше изразена како еден од најмасовните видови на мигрирање на населението, надвор од индивидуалното стопанство.

Податоците укажуваат дека Македонија спаѓа во редот на подрачја каде што овој вид миграциони движења беше најизразен. Бројот на постојано вработени лица надвор од стопанството за земјата во просек, во периодот о д1953 до 1969 година, се зголеми за 78%, додека за СР Македонија е зголемен за три пати.

Табела 7. Движење на бројот на постојано вработени лица надвор од индивидуалните стопанства

| Републики и покраини | 1953 | 1960 | 1969 | Индекс 1953=100 | во 1969 г. % на стопанст.. со враб. над од стопанст. |
|---|---|---|---|---|---|
| Југославија | 798 | 1.314 | 1.420 | 178 | 47 |
| Б и Х | 134 | 247 | 287 | 200 | 51 |
| Црна Гора | 18 | 27 | 28 | 156 | 49 |
| Хрватска | 357 | 351 | 369 | 103 | 49 |
| Македонија | 35 | 94 | 103 | 293 | 54 |
| Словенија | 47 | 139 | 135 | 290 | 56 |
| Србија | 190 | 456 | 498 | 262 | 39 |
| Тесно подрачје | 133 | 266 | 311 | 234 | 38 |
| Војводина | 33 | 140 | 129 | 295 | 41 |
| Косово | 24 | 50 | 59 | 245 | 44 |

Извор: Д-р Петар Марковић: Миграције и промене аграрне структуре, стр. 53, Центар за социологију села, Загреб, 1974 год.

Напомена: Овде се опфатени сите, освен таканаречените „чисти“ земјоделски стопанства. Во овој број се приклучени постојано вработените од мешаните и неземјоделските домаќинства. Поради тоа, бројот на постојано вработените, односно стопанствата со нив е поголем одошто тоа би биле само мешаните стопанства.

Според резултатите на пописот од земјоделството во 1969 година, близу 54% стопанства имаат постојано вработени членови надвор од стопанствата. Македонија истата година имаше околу 103 илјади вработени надвор од стопанствата, што чинеше 42,1% од вкупно вработените во стопанството. Тоа укажува дека близу 42% од вработените во општествениот сектор живеат и работат и на индивидуалните стопанства, односно на некој начин ја поврзуваат својата егзистенција со земјоделството.

Еден значителен број, постојано вработен надвор од стопанствата, работи надвор од своето постојано место на живеење и постојано (секојдневно) или повремено патува од местото на живеење до работното место. Во 1971 година во Македонија од вкупно вработените во селските населби (64.439 лица), близу 45.375 или 70,2% работеа надвор од своето место на живеење. Просечно за Републиката бројот на оние кои работат надвор од местото на живеење изнесув 20,4% од вкупно вработените.

Овој вид професионално мигрирање на земјоделското население, со постојаното вработување надвор од стопанството, е познат во сите земји во светот кои ја минаа фазата на интензивна индустријализација.[16] Интензитетот во одделни фази од развојот на оваа специфична категорија вработени лица и стопанства се сепак специфични за секоја одделна земја.

Кај нас овој специфичен вид миграција и вработеност на населението е обусловен, пред сè, од овие причини:

Прво, поради недостигот на средства за урбанизација и комунална инфраструктура на урбаните подрачја. Нашиот интензивен стопански развој беше темелен врз основа на сè поинтензивното производно инвестирање, при што директно непроизводните инвестиции беа деприминирани и потиснувани. Тоа беше нужност во општата ориентација во изнаоѓање на сите можни потенцијали на забрзаниот стопански развој. При тоа, сите оние што се вработуваа во општественото стопанство, поради недостигот на станови и други комунални објекти и инсти-

---

[16] Во шеесеттите години бројот на мешаните стопанства, односно оние кои имале постојано вработени надвор од стопанството или биле во посед на неземјоделци кај одделни земји, се движеше: во САД 35% ,во Канада 31%, во Норвешка 23%, во Холандија 29%, во Сојузна Република Германија 44%, во Полска 41,%, во Чехословачка 20%, ов Јапонија 66% итн. од вкупниот број стопанства,

туции не можеа објективно да преминат во град, односно во местото на своето вработување.

Второ, поради ниската квалификациона структура на овој вид врработени лица, кои по правило имаат и пониски лични доходи. На тој начин, одржувањето на стопанството и куќата во родното место претставува нивна економска нужност. Така, тие го комбинираат својот вкупен доход (од стопанството и надвор од стопанството) што им овозможува поповолна општествено-економска положба. Во принцип, од стопанството тие ја обезбедуваат натуралната потрошувачка на најнужните производи, но во СР Македонија (поради застапеноста на градинарството, лозарството и некои индустриски култури — тутунот), тие обезбедуваат и значителни парични примања.

Трето, нестабилниот и недоволно организиран пазар на земјоделски производи, исто така, придонесе кон поцврсто врзување на оваа категорија домаќинства за стопанството.

Четврто, постои извесен број стопанства кои се во рацете на неземјоделци, обично оние кои се иселиле од својот роден крај, или пак на некој начин се здобиле со сопственост на мал земјишен посед и куќа што ги користат не за производни цели, туку поради рекреација и одржување на контакти со родниот крај. Оваа специфична форма на реаграризација, во иднина, ќе биде се помасовна.

Петто, на крајот останатите фактори како што се потребата за школување на децата, психолошките моменти да се задржи поседот на своите предци итн. се исто така значајни за масовното конституирање на оваа специфична група вработени лица и индивидуални стопанства.

### 3.3. Подвижност на населението во рамките на селото и земјоделството

Миграционите движења во земјоделството, односно на релацијата село-село, се специфичен вид миграции и се одвива од економски понеразвиените земјоделски реони (планински подрачја) во економски поразвиените земјоделски реони (низините и речните долини).

Покрај аграрната реформа и колонизацијата од 1945 година, при што административно се вршеа ваков вид преселувања, позначајни се таканаречените слободни (економски) миграции во земјоделството.

Во Македонија, во неколку временски периоди, посебно беше интензивен овој вид миграциони движења.

Првиот период се совпаѓа со првите општествено-политички мерки на новото социјалистичко општество, во периодот од 1945 до 1947 година. Во тој период, еден голем број на селското население до предимно планинските и пасивни краишта

кое масовно учествуваше во НОБ, загуби речиси сè: сточниот фонд беше сосема уништен, нивните станбени и стопански згради итн. Во голем број случаи се потпомагаше и стимулираше нивното преселување во поразвиените и рамничарски краишта на Републиката.[17]

Вториот период на овој вид преселнички движења, се одвиваше главно во времето од 1953 до 1960 година. Во овој период преселувањата беа предизвикани главно од заминувањето на населението од турската народност во Турција кое предимно беше населено во низиските села на Републиката. Голем број население во таа прилика ги откупи релативно евтините поседи од турското население, и се насели во низиските села и плодните котлини.[18]

Третиот временски период на овој вид миграциони движење се одвива главно по 1960 година па до денес, но со значително послаб интензитет.

Економската логика на миграционите движења во земјоделството во голема мера е содржина во специфичностите на аграрната структура на оделните аграрни реони. На пример: во планинските реони (по правило недоволно развиени) земјоделското домаќинство е составено од поголем број членови и од повеќе семејства. Високиот природен прираст создава појави на аграрна пренаселеност и ја зголемува „гладта за земја". Во купопродажните и закупничките односи во меѓуселскиот промет со земја се развива една специфична психологија за земјата како сеопшто и единствено добро. Не постојат објективни услови за вработување и напуштање на стопанството на сите оние кои објективно треба да го напуштаат. Поради тоа цената на земјата и закупнината, вртоглавно се покачува, и претставува вистинска сопирачка за развојот на земјоделството.[19] Сепак, во тие услови извесен број население и стопанства го продаваат поседот во родниот крај (по повисока цена) и купуваат мали поседи во рамницата каде што аграрниот притисок е помал.

За овој вид миграциони движења не постојат точни статистички податоци. Апросимативно врз база на вкупните меха-

[17] Таков беше примерот на селото Горно Конско — Гевгелиско, кое во текот на НОБ беше разорено до темел. Дел од населението на ова планиско село се пресели во повеќе низиски села на Гевгелиско поле. Со овие преселнички движења е формирано и селото Ново Конско — Горничет.

[18] Такви преселнички движења во кои живееше население од турската народност беа карактеристични за селата во Овчеполието, како што беа: Ерцелија, Карат маново, Кадрифаково и други. Населението, кое се населуваше во овие села, главно беше од подосоговските планини: Кривопаланечкиот и Кратовско-Злетовскиот крај. Во општина Радовиш, исто така, постоеше ваков вид миграциони движења, кои беа предизвикани со заминувањето на населението од турската народност. Такви примери имаше во селата: Ораовица, Тополница, Калуѓерица, Јаргулица и др. Во Неготинска општина особено е карактеристичен примерот со селото Бесвице.

[19] На пример, во некои села на Полог главно по плодните и во непосредна( близина на градовите) цената на 1 ха обработливо земјиште се движеше од 300.000 до 10.000.000 динари.

нички движења на населението во Македонија, според видот на местото на живеење на доселениците, може да се види дека во периодот 1953—1971 година од едни во други селски населби во Републиката се преселиле контингент од 188.813 лица што изнесува 90% од вкупниот број доселено население во селата.

### 3.4. Повремено напуштање на стопанствата

Сезонското вработување на дел од активните лица на стопанствата кои се вработуваат надвор од стопанството, во општествениот сектор на земјоделството, градежништвото и др. и во странство, преставува посебен вид на миграциони движења на земјоделското население. Тоа се јавуваат главно како резултат на недоволната вработеност на членовите на стопанството. Невработеноста може да се јави како латентна аграрна невработеност, која се јавува главно по извршувањето на основните земјоделски работи. Тогаш дел од активното население се појавува како сезонска работна сила. Друг вид е постојаната аграрна невработеност, која е присутна главно кај стопанствата со мал земјишен посед, без оглед на сезоната на земјоделските работи, кои дел од своето членство постојано го појавуваат како сезонска работна сила. Првиот вид на сезонско вработување, кое е предизвикано од латентната невработеност, главно се јавува во подрачјата каде што земјоделските работи се свршуваат во рана есен, така тшо потоа еден дел на активните членови на стопанствата учествуваат во разни други кампањи во земјоделството.

Во 1969 година околу 27.883 стопанства или 11,2% од вкупниот број имаа членови повремено вработени надвор од стопанствата. Според големината на земјишниот посед на стопанствата, најмногу учествуваа оние со големина на поседот од 1 до 3 ха — 43,3%, потоа следат оние со посед до 0,5 ха — 18% итн.

Сезонското вработување се одвива, главно, во непосредна близина, а понекогаш и значително подалеку. Во Македонија постојат традиционални печалбарски аграрни подрачја, кои имаат свои традиционални занаети. Речиси, секоја година во исто време, одреден број на активни лица предимно машка работна сила го напушта своето стопанство и село и се вработува како сезонска работна сила.[20]

---

[20] Примери на сезонско вработување срекаваме во голем број села во Овчеполието, при сеозниските работи на општественото земјоделство, во општините Кавадарци, Неготино итн. Постои еден карактеристичен вид занаетчиско сезонско вработување на дел од работана сила од некои аграрни подрачја во Републиката. На пример, од кривопаланечкиот реон како и од струшкото село Вевчани секоја година сезонски се вработуваат извесен број ѕидари, тераси и сл., а од тетковско-гостиварскиот крај слаткари итн.

Од друга страна, извесен број стопанства ангажираат туѓа работна сила како сезонски работници. Во 1969 година во Републиката постоеја 26.554 стопанства или 10,5% одв купниот број, кои повремено на своето стопанство ангажираа сезонски работници. Тоа се главно оние од редот на покрупните поседи или стопанства без работна сила.

Заминувањето на привремена работа во странство претставува во последно време сѐ позначителен вид на сезонско мигрирање на земјоделското население. Не постојат подетални проучувања за овој вид миграциони движења како за мотивите на нивното заминување, така и за нивниот однос кон земјоделското производство по нивното враќање во земјата.

Според некои општи сознанија (непроверени), основниот мотив за мигрирање и овде претставува доходот. Што се однесува до потрошувачката на заработениот доход и акумулација, главно се одвиваат две тенденции. Еден извесен број привремено вработени во странство, по своето враќање, од своите заштеди а акумулација, вложуваат во техничкото екипирање на стопанството, купуваат трактори и други земјоделски машини, со цел да го унапредат земјоделското производство на своето стопанство. Од друга страна, друг дел на привремено вработените во странство најголем дел од своите заштеди ги вложуваат за изградба на куќи и стан, подигање на стандардот на домаќинството, главно во непроизводни цели, а често и надвор од селото.

Во 1971 година од СР Македонија на привремена работа во странство беа вработени 49.641 активно лице, од што 36.924 или 74,2% потекнуваа од селските населби. Привремено вработените во странство од селските населби во Републиката беа околу 19,5% од активното население.

Во овој вид миграциони движења учествуваат членови од сите категории стопанства. Меѓутоа, според времетраењето (често по 2—3 години), поради староста на мигрантите (предимно млади) честопати и промените што тие ги предизвикуваат врз промени во аграрната структура, како да се губи нивниот сезонски привремен карактер.

*

* *

Миграциите и деаграризацијата на селското население, долгорочно гледано се, без сомнение, закономерен и позитивен процес. Тие овозможуваат натамошно модернизирање на земјоделството и покачување на неговата продуктивност на трудот, подигање на стандардот на селското население, урбанизирање на селото и негова попотполна општествено-економска трансформација.

Меѓутоа, кога во одреден момент деаграризацијата и миграциите попримат неконтролиран и стихиен карактер, тие оставаат покрај низа позитивни промени и сериозни последици. Заминувањето на највиталните и најспособните членови на селската заедница, од темел ги разнишува економските, демографските, социјалните и просторните основи на кои почива таа. Миграциите, слично како и пазарното стопанство, му ја одземаат на селото неговата вековна автархичност и рамнодушност, го туркаат традиционалното село во вителот на вкупните општествено-економски промени, кое врз основа на современиот начин на производство и социјалистичките општествени односи треба да пронајде една нова рамнотежа.

Risto KARTALOV

## THE IMPACT OF MIGRATION ON THE AGRARIAN STRUCTURE IN SOCIALIST REPUBLIC OF MACEDONIA

(Summary)

The space and proffesional mobility of the population and workforce is a social problem of increasing importance in sicoal milieus which undergo a rapid industrialization. In the initial stage of the soio-economic developement the processes of migration and deagrarization of the rural population have a particular significance. This process has a mass character, is complicated and often uncontroled and brings abot great changes in the ecoomic structure of the society, including a shift of the population and workforce toward the nonagrarian sector which reflects the mobility of the most important production factor.

The article deals with three aspects of the problem of migration and deagrarization. After the introductory notes about the inevitability of the process in the context of the global structural changes and some theoretical questions related to them, an analyses pertaining to the factors which make possible the migratory movemnts is undertaken. The second aspect considered here is the problem of the total space mobility of the population in the Socialist Republic of Macedonia. Our empirical research shows that the space mobility of the population in the republic is limited and amounts to 37,7%. It means that 62,3% of the population resides in the place of birth. In the cities more than half of the population comes form other areas. For the villages this figure is one quarter.

The third aspect delas with te forms of migrations and deagrarizations of the rural populationa. The problem of the total quitting of the village and agriculture are considered, as well as professional and temporary departure. All of these forms of migration result in a series of economic, demograghic and scial consequences.